СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

5

# ЗЛАТКО НИКОЛОВСКИ

за Пехчево



## СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



„ЕКОНОМСКИ СИЛНА, МОДЕРНА И ЕВРОПСКА ОПШТИНА, СО РАЗВИЕНА ИНФРАСТРУКТУРА, СОЦИЈАЛНА ВКЛУЧЕНОСТ И РЕАЛНИ МОЖНОСТИ ЗА МЛАДИТЕ.“

Пехчево е моето родно место, градот во кој пораснав и ги изградив своите вредности. Од семејството ги наследив чесноста, трудољубивоста и почитта кон заедницата. Образованието го започнав во Пехчево, средното образование во Кочани, а високото и магистерските студии на Шумарскиот факултет во Скопје.

Професионалниот пат го започнав во приватниот сектор, а одговорноста кон заедницата ја потврдив и преку службата како пожарникар во ТППЕ Берово и како раководител на ЈП „Национални шуми“ – Подружница „Равна Река“ - Пехчево. Овие искуства ме научија на дисциплина, пожртвуваност и практично решавање на предизвиците.

Мојата политичка кариера ја започнав пред повеќе од една деценија, инспириран од идеалите на социјалдемократската филозофија. Од активен член на ОО на СДСМ Пехчево, преку ангажман во Централниот одбор, се профилирав во посветен политичар подготвен за поголеми предизвици.

Мојата визија за Пехчево е јасна: економски силна, модерна и европска општина, со развиена инфраструктура, социјална вклученост и реални можности за младите. Пехчево како центар на Малешевијата ќе биде двигател на регионални иницијативи, културни и спортски настани, со силно присуство на европски проекти.

Клучни приоритети се: регулација на Пехчевска Река, реконструкција на патната инфраструктура до туристичката населба Равна Река, изградба на локален пат Умлена – Робово, реконструкција на водоснабдителните системи во сите села во општината и низа капитални инвестиции. Сето ова ќе го реализираме со јасен план, одговорно управување со буџетот, транспарентност и отчетност.

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!



# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Пехчево

Почитувани сограѓани,
Пехчево е нашиот дом и заедно можеме да го направиме место на кое ќе бидеме горди. Како кандидати за советници од СДСМ влегуваме во овие избори со јасна визија – развој на локалната инфраструктура, отворање нови можности за младите, поддршка за земјоделците и малите бизниси, заштита на животната средина и создавање услови за подобар квалитет на живот за сите.
Нашата цел е Советот на Општина Пехчево да биде глас на народот – транспарентен, одговорен и секогаш на страната на граѓаните. Веруваме дека со чесна работа, соработката со сите институции и со заеднички идеи можеме да ја изградиме иднината што ја заслужуваме.
Заедно можеме да влијаеме на одлуките коишто го креираат нашиот секојдневен живот. Време е да се слушне вашиот глас, гласот на народот!

1. Николчо Јовчев, р. 1982, гимназија
2. Весна Каракашовска, р. 1977, дипломиран правник
3. Ангел Каракостов, р. 1994, гимназија
4. Сеад Џивиров, р. 1984, гимназија
5. Јованка Пешначка, р. 1961, дипломиран биолог
6. Ирена Гошев, р. 1997, дипломиран професор по англиски јазик
7. Дарко Лесански, р. 1991, шумарски инженер
8. Виктор Гошевски, р.1993, гимназија
9. Нада Симовска, р. 1948, примариус доктор - специјалист по педијатрија

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, закочените европски интеграции и сѐ поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**

- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

- Изградба на училиште во с. Црник
- Изградба на трпезарија во ОЈУДГ „7-ми Септември" Пехчево
- Раздолжување на околу 80 % од обврските на општината
- Изградба на Црндолски Водопад
- Изградба на 4 улици во с. Црник со вкупна должина од 2 000 метри
- Изградба на 2 улици во с. Умлена во должина од 750 метри
- Изградба на 3 улици во с. Робово од должина од 1 000 метри
- Асфалтирање на улица од основното училиште до центарот на с. Црник во должина од 500 метри
- Асфалтирање на улица 1 во индустриска зона Чуката
- Изградба на 2 улици во Пехчево со бекатон-плочки во должина од 1 000 метри
- Изградба на канализациски систем со прочистителна станица за отпадни води во туристичката населба Равна Река
- Пробивање и тампонирање на полски пат с. Робово - с. Мачево
- Реконструкција на културен дом во с. Панчарево
- Подобрување на енергетската ефикасност со замена на внатрешната столарија на општинската зграда
- Реконструкција на регионален пат Р1302, делница Делчево – Пехчево
- Општина Пехчево го подобрува квалитетот на јавните услуги
- Набавка на трактор со приклучна механизација
- Инсталирање фотоволтаични системи на три јавни општински објекти.

# А ШТО (НЕ) НАПРАВИЈА ТИЕ?!

- Реконструкција на кејот на Пехчевска Река 2021 - 2025
- Изградба на водовод во с. Црник
- Уредување на селскиот водовод во с. Панчарево 2023 - 2025
- Изградба на атмосферска канализација во Пехчево 2023 - 2025
- Градска капела 2022-2023
- Поддршка на мали и средни претпријатија 2022 - 2023
- (формирање општински фонд)
- Дигитална инфраструктура
- Поставување тротоари на ул. „Равен" и ул. „Јулија Веселинска"
- Реконструкција на повеќе локални улици
- Реконструкција на пешачки патеки во Пехчево
- Реконструкција на паркинг-простор во Пехчево
- Реконструкција на патот Пехчево - Равна Река
- Изградба на локален пат до с. Спиково
- Изградба на патен правец до индустриска зона Грозил



- Завршување на почнатата фаза кон патниот правец кон Бугарија преку граничниот премин Ајдучки Кладенец
- Изградба на мини брана на реката Раковец
- Уредување на муслиманските гробишта во Пехчево и с. Црник
- Изработка на ГУП и измена ДУП
- Реконструкција на локален пат Умлена - Робово

# МОЈАТА ВИЗИЈА



- **Зошто се кандидирате?
  Што е мотивот?**

Мојата кандидатура е резултат на искрена желба и обврска кон граѓаните. Не сум тука заради функцијата, туку заради можноста да направам конкретни промени. Мојата мотивација е љубовта кон мојата општина и вербата дека можеме да ја направиме подобро место за живеење.

- **Колку е важно да се има визија за општината и за општеството во целина?**

Визијата е темелот на секое успешно управување. Ако немаме визија, тогаш само „гаснеме пожари" и решаваме проблеми од ден за ден. Јас верувам дека развојот на општината не е само во патишта и инфраструктура, туку и во создавање средина каде што луѓето ќе имаат перспектива, младите ќе останат, а бизнисите ќе се развиваат. Тоа е дел од визијата за општината, но и придонес кон визијата за едно понапредно и подобро општество.

- **Што мора да се направи во следниот мандат? Дали се доволни инфраструктурни проекти?**

Инфраструктурата е важна – без патишта, вода и канализација нема основа за живот. Но таа е само почетна точка. Мора да инвестираме и во образование, здрави навики, култура, спорт и економски развој. Она што ќе направи разлика е создавање услови луѓето да останат, да работат и да се гордеат со своето место.

- **Колку се важни младите за нашата општина?**

Младите се иднината на секое место. Ако тие заминат, тогаш општината нема перспектива. Затоа мора да им понудиме можности – образование, спортски и културни активности, но и економски услови за да останат. Нивниот глас и идеи мора да бидат слушнати.

- **5. Како гледате на општата безбедност на граѓаните?**

Безбедноста е основа за нормален живот. Имаме предизвици со сообраќајот, уличното осветлување, дивите депонии и некои безбедносни ризици. Решението е во подобра координација меѓу општината и институциите, поголема превенција, модерна инфраструктура и активно вклучување на заедницата.

- **Доброто планирање на просторот и мобилноста – дали се клуч?**

Апсолутно да. Ако однапред не планираме, подоцна плаќаме скапи грешки. Треба да се осмисли урбан развој којшто е приспособен кон потребите на граѓаните, со чист транспорт, пешачки и велосипедски патеки и јавен превоз. Тоа е клучот за побрз развој и поквалитетно живеење.

- **Загаденост, депонии, јавна чистота – дали сме осудени на тоа?**

Не сме осудени –должни сме да се бориме против тоа. Мора да се зајакне системот за управување со отпад, да се инвестира во почисто греење, повеќе зелени површини и модерни технологии. Со дисциплина, инспекциска контрола и јавна едукација можеме да направиме промена.

- **Довербата на граѓаните и борбата против корупцијата?**

Знам дека граѓаните се разочарани. Но тоа не значи дека треба да се помириме со состојбата. Општината мора да биде транспарентна, отворена и достапна. Секоја одлука треба да биде јавно објавена, секоја активност објаснета. Верувам дека довербата се враќа со дела, а не со зборови.

- **Иселувањето и наталитетот – имаме ли иднина без луѓе?**

Не, немаме. Луѓето се најважниот капитал. За да останат, мора да видат перспектива – работа, услови за живот, културен и спортски живот, сигурност. Треба да ги мотивираме младите семејства со поддршка, градинки, образовни и здравствени услуги.

- **Зошто граѓаните да гласаат за вас?**

Затоа што не ветувам невозможни работи. Секогаш сум работел чесно, отворено и со љубов кон ова место. Она што ме разликува е што не гледам на функцијата како привилегија, туку како обврска. Сакам заедно со граѓаните да градиме општина со визија, развој и перспектива.



СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

- **Образование:**
  - Училиштен прибор за секое прваче - 1 500 денари еднократно.
  - Финансиска поддршка за најдобрите ученици што имаат добиено награди на државно ниво.
  - Доделување 6 000 денари за секое првородено дете во годината како и по 4 000 денари за секое новороденче во Општина Пехчево.
- **Спорт:**
  - Финансиски и организациски ќе ги подржуваме сите организирани спортски приредби и манифестации од интерес за општината.
  - Санирање и доопремување на спортски објекти, ќе ја зголемиме грижата за постојните спортски објекти со кои во моментот располага нашата општина и во таа насока ќе преземеме мерки за нивно санирање и доопремување.
- **Социјална заштита, безбедност на граѓаните:**
  - Основање фонд за помош на граѓаните во социјален ризик при специфични здравствени состојби (за итни операции, лекувања и сл.)

Општината во соработка со бизнис-заедницата ќе формира фонд за лекување на лицата со социјален ризик што континуирано ќе се надополнува.

- Нови социјални услуги во Општина Пехчево.

Целта на проектот е подобрување на квалитетот и квантитетот на мерките на социјалната заштита во Општина Пехчево, односно менторирање на деца со проблеми во следењето и совладувањето на наставата во основното образование и поддршка на работата на ОЈУДГ „7 Септември“ - Пехчево и помош на нега на стари лица во домашни услови.

- **Животна средина:**
  - Чистење и затворање на дивите депонии во Општина Пехчево.

Ќе продолжиме во континуитет со расчистување и затворање на дивите депонии во Пехчево и населените места по претходно утврден план изработен од комуналните служби во општината.

  - Проверка на сите дозволи издадени од инспекциските служби, како и редовни и чести контроли на објектите за нивно почитување.
  - Регионално управување со отпадот, затворање на постојната депонија и транспорт на отпадот до регионалната депонија.

- **Администрација:**

Отчетност, транспарентност, отвореност.

  - Ќе се надминат појавите на неефикасност и лош квалитет во работата.

Ќе се дефинираат стандардите и процедурите за работа и ќе се бара поголема одговорност во навременото и квалитетно извршување на обврските и давањето услуги на граѓаните и другите субјекти во постапките пред органите на единиците на локалната самоуправа.

  - Форумски сесии за креација на буџет.

Заеднички со невладиниот сектор и граѓаните на Општина Пехчево го креираме буџетот на општината (со нивни предлози за проекти, приоритети).

  - Општинска страница - Сподели проблем; Прашај го градоначалникот.
  - Отворен ден со граѓаните, најмалку еднаш неделно.

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Реконструкција на локален пат до туристичка населба Равна Река

Реконструкција на локалниот пат до туристичката населба Равна Река во должина од 13 км.

Рехабилитација на коловозната површина со нов асфалтен слој, соодветна носивост и трајност.

Изградба и санација на банкини и одводни канали за правилно собирање и насочување на атмосферските води.

Поставување вертикална и хоризонтална сигнализација за зголемена безбедност на сите учесници во сообраќајот.

Поставување заштитна ограда на критични делови од трасата.

Уредување на приодите кон викенд-куќи и туристички капацитети покрај патот.

**Влијание на проектот:**

Реализацијата на овој проект ќе придонесе за:

- Подобрување на безбедноста на движењето на возила и пешаци.
- Поттикнување на развојот на туризмот во населбата Равна Река.
- Создавање услови за нови инвестиции и зголемување на бројот на посетители.
- Подобрување на квалитетот на животот за жителите и сопствениците на викенд-куќи во регионот.

**Целна група:**

Сите граѓани

**Рок на реализација**

2025 – 2029

**Буџет**

44 000 000 денари.

## Дорегулација на речното корито на Пехчевска Река

Главни цели на проектот се:

- Спречување на излевање на реката во периоди на обилни врнежи.
- Зголемување на безбедноста на локалното население и заштита на имотот.
- Уредување на речното корито за подобро одведување на водите.
- Заштита на земјоделските површини и локалната патна инфраструктура.
- Подобрување на еколошките услови и зачувување на биодиверзитетот.

Активности што ќе бидат опфатени:

- Чистење и проширување на постојното корито.
- Изградба на потпорни ѕидови и заштитни насипи на критичните делови.
- Уредување на зелен појас покрај реката со автохтони растителни видови.
- Изградба на пешачки патеки и мали мостови каде што е потребно, со што ќе се овозможи и дополнителна туристичка атрактивност.

**Влијание на проектот:**

- Намалување на ризикот од поплави и материјални штети.
- Заштита на локалните жители и нивните домови.
- Подигнување на квалитетот на животната средина во урбаниот дел на Пехчево.
- Потенцирање на реката како природен ресурс и можност за развој на туризмот.

**Целна група:** Сите граѓани

**Рок на реализација** 2025 – 2029

**Буџет** 12 000 000 денари.

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## ▪ Изградба на локален пат с. Умлена – с. Робово

Изградбата на локалниот пат с. Умлена – с. Робово опфаќа: тампонирање, асфалтирање, обработка на банкини и одведување на атмосферските води.

**Влијание на проектот:**

Со реализација на овој проект жителите на с. Робово имаат пократок пат до Општина Пехчево за 3 километри. Пристапот до земјоделските површини на граѓаните од двете населени места ќе биде олеснат.

**Целна група:**

Сите граѓани на Општина Пехчево

**Рок на реализација**

2025 – 2029

**Буџет**

19 000 000 денари

# ПРОЕКТИ

### Регулација на речното корито во с. Црник

Проектот треба да го опфати делот од центарот на селото Бозаната возводно до крајот на селото. Потребно е да се изградат ѕидови од двете страни, пешачки мостови и еден мост за превозни средства. На одредени места потребни се и каскади.

**Влијание на проектот:**

- Намалување на ризикот од поплави и материјални штети.
- Заштита на локалните жители и нивните домови.
- Подигнување на квалитетот на животната средина.
- Потенцирање на реката како природен ресурс и можност за развој на туризмот

**Целна група:** Жители на с. Црник

**Рок на реализација** 2025 – 2029

**Буџет** 8 000 000 денари

## Уредување на просторот пред градскиот стадион и градските гробишта

Уредувањето на просторот пред градскиот стадион и градските

гробишта  опфаќа: изградба на паркинг-простор со поставување бекатон-плочки, изградба на фонтана, поставување урбана опрема, хортикултурно уредување.

**Влијание на проектот:**

Реализацијата на тој проект ќе има повеќенаменски ефекти. Обезбедување паркинг-простор во функција на стадионот, градските гробишта и спортската сала. Облагородување на сега руинираната и запуштена површина.

**Целна група:**

Сите граѓани на Општина Пехчево

**Рок на реализација** 2025 – 2029

**Буџет** 6 000 000 денари.

## Реконструкција и рехабилитација на горен строј на патот с. Црник – спој со Р 523 (должина 2 километра)

Проектот се состои од демонтажа на постојан асфалт, стабилизација на коловозот на одредени места, тампонирање, асфалтирање, обработка на банкини, одведување на атмосферски води.

**Влијание на проектот:**

Проектот е значаен за месното население затоа што постојаниот пат е многу оштетен и е непрегледен и небезбеден.

**Целна група:**

Сите граѓани на Општина Пехчево

**Рок на реализација** 2025 – 2029

**Буџет** 15 000 000 денари.

## Изградба на детско игралиште во Пехчево

Проектот опфаќа поставување урбана опрема, детски содржини и детски играчки за најмладите.

**Влијание на проектот:**

Со овој проект најмладите во нашата општина ќе имаа ново катче за спорт и рекреација.

**Целна група:**

Сите граѓани на Општина Пехчево

**Рок на реализација**

2025 - 2026

**Буџет**

6 000 000 денари

# ПРОЕКТИ

## Реконструкција на градскиот плоштад

Реконструкција на градскиот плоштад е неопходна поради фактот дека е веќе во полураспаднатата состојба поради неквалитетната изградба.

### Влијание на проектот:

Со овој проект ќе се подобри сликата, пред сѐ, за нашата општина, како и нормално функционирање на сите засегнати страни што гравитираат околу плоштадот.

### Целна група:

Сите граѓани на Општина Пехчево

### Рок на реализација

2025 – 2026

### Буџет

3 500 000 денари

## Реконструкција и асфалтирање улици во Пехчево

Голем дел од уличната мрежа во Пехчево е во катастрофална состојба. Причина за

лошата состојба на уличната мрежа е, пред сѐ, застареноста, користењето тешки моторни возила, немањето атмосферска канализација и лошата изградба во старт, како и прекопи што се направени врз разни основи. За да ја подобриме сообраќајната инфраструктура во Пехчево, како и имиџот на самиот град, неопходно е да се изврши реконструкција и асфалтирање на повеќе улици во Пехчево, и тоа:

Булевар „Равен“
„Киро Медарски“
„Славчо Кацарски“
„Страхил Кујунџиски“
„Симо Андоновски“
„Македонија“
„Кадиица“
„Илинденска“
„Јулија Веселинска“
„Мирче Ацев“

### Влијание на проектот:

Со реконструкција, асфалтирање, некаде и проширување на улиците ќе се реши еден од најгорливите проблеми во Пехчево. Реализацијата на наведените улици е корисна, пред сѐ, од безбедносен аспект, подобра комуникација и естетски ефект.

### Целна група:

Сите граѓани

### Рок на реализација

2025 – 2029

### Буџет

42 000 000 денари.

## Уредување на Спиковски Водопад

Изградба  на пешачка патека во должина од 750 метри, изградба на 7 пешачки моста, изградба на 7 видиковци, изградба на платформа пред самиот водопад и поставување урбана опрема во должина на целата патека до самиот водопад.

**Влијание на проектот:**

Со изградба на проектот ќе се промовира општината како туристички потенцијал.

**Целна група:**

Сите граѓани

**Рок на реализација**

2025 – 2029

**Буџет**

7 000 000 денари

## Изградба на старечки дом

Со изградба на старечки дом во Општина Пехчево би се решил еден од поголемите проблеми со кои се соочуваат граѓаните.

**Влијание на проектот:**

Поради неопходната потреба за грижа на повозрасната популација во нашата општина со изградбата на старечки дом овој проблем ќе биде надминат.

**Целна група:**

Сите граѓани

**Рок на реализација**

2025 – 2029

**Буџет**

35 000 000 денари

## Подобрување на водоснабдителниот систем

Реконструкција на водозафатот на Пехчевска Река, реконструкција и доопремување на филтер-станица, подобрување на водоснабдителниот систем во сите населени места во општината.

**Влијание на проектот:**

Здрава, чиста и пивка вода за пиење за сите жители

**Целна група:**

Сите граѓани

**Рок на реализација**

2025 – 2029

**Буџет**

10 000 000

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

## Говедарник

- Изградба и проширување на улица „Малешевска“
- Улично осветлување на улица „Димитар Божанов“, „8 Март“, „Александар Македонски“
- Изградба на пешачка патека за поврзување на улица „Димитар Божанов“ со улица „Александар Македонски“
- Уредување и реконструкција на парк „Езерце“

## Симин Рид

- Реконструкција на улично осветлување
- Тампонирање и проширување на патот до филтер-станица
- Изградба на пешачка патека за поврзување улица „Кадиица“ со улица „Македонија“
- Изградба и уредување на две пешачки патеки што ги поврзува улица „Кадиица“ и Буковик“
- Изградба на пешачка патека и хортикултурно уредување на м.в. Глинариште

## Центар во Пехчево

- Реконструкција на паркингот во центарот на градот
- Изградба на тратоар за пешаци на ул. „Јулија Веселинска“
- Покривање на Градскиот пазар
- Реконструкција на пешачки мост на Градски пазар
- Уредување на парк-шумата кај здравствен дом „Д-р Иван Ѓеорѓиев“

## Робово

- Изградба на улица во село Робово крак од улица 1 накај „Љупчо Крамарски“
- Реконструкција на Културниот дом во село Робово
- Уредување на училишниот двор
- Откривање и обележување на сите хидранти во селото
- Поставување лежечи полицајци на влезот во селото
- Поправка на пристапните патишта до селото
- Хортикултурно уредување на триаголникот кај вагата
- Поставување огради на мостовите
- Изградба на улица од центарот на селото до „Метошко Таковски“

## Умлена

- Изградба на улица од „Ѓорѓи Бетински“ до „Илија Гајдурински“
- Поправка на пристапните патишта до селото

- Реконструкција на трем на гробиштата
- Реконструкција на пропуст кај кафеана „Оки“
- Поставување огради на мостовите
- Изградба на улица со бекатон плочки кај „Никола Ризовски“

**Чифлик**

- Изградба на мост на Пехчевска Река во с. Чифлик кај фудбалското игралиште
- Реконструкција на домот во селото
- Поправка на пристапните патишта до селото
- Изградба на улица кај „Томе Соколовски“ и „Никола Смиленовски“
- Изградба на улица кај „Борче и Душко Медарски„
- Изградба на мост кај „Бранко Ајтарски“ и „Ѓорѓи Василевски“
- Регулација на атмосферските води од детската градинка

**Црник**

- Уредување и реконструкција на детското игралиште пред ОЈУДГ „7 Септември“ во с. Црник
- Изградба на пешачка патека што ги поврзува главната улица во селото со улица бр. 3
- Изградба на мултифункционално игралиште
- Реконструкција на домот во селото
- Реконструкција на водоводната мрежа
- Поправка на пристапните патишта до селото
- Изградба на пешачка патека кај „Беџат Арнаутов“

**Панчарево**

- Изградба на септички јами со селото
- Реконструкција на спортско игралиште кај училиштето
- Поправка на пристапните патишта до селото
- Внатрешна реконструкција на домот во селото
- Изградба на улица од црквата до Врановско Маало
- Изградба на улица од црквата до фамилии Каширски и Цупански

**Негрево**

- Реконструкција на мостовите во селото
- Реконструкција на домот во селото
- Изградба на паркинг-простор кај гробиштата
- Поправка на пристапните патишта до селото

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА